До
Совет на Општина
Битола

КОМУНАЛНО ЈАВНО ПРЕТПРИЕМАЧКО
„НИСКОГРАДБА“
БР. 01-932/1
14.10. 2021 ГОД.
БИТОЛА

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА КЈП "НИСКОГРАДБА "-БИТОЛА ЗА ПЕРИОД ОД

01-01-2021 ДО 30-09-2021 г.

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПРИХОДИ

Конто	ПРИХОДИ	Износ 2020 (3)	Износ 2021 (4)	Индекс 4 : 3
7400	Приходи од услуги општа даночна стапка	19,007,198.00	32,377,257.00	1.70
7401	Приходи од услуги општа повластена даночна стапка	6,439,918.00	9,206,236.00	1.43
7402	Приходи од канализација	52,422,549.00	52,961,344.00	1.01
745	Приходи од употреба на сопствени производи	2,086,509.00	3,036,044.00	1.46
769	Останати приходи од работењето	209,749.00	123,879.00	0.59
7741	Приходи од камати	154,469.00	158,596.00	1.03
7799	Останати финансиски приходи	2,909.00	28,294.00	9.73
	Вкупно	**80,323,301.00**	**97,891,650.00**	1.22

Анализирајќи ја горе наведената табела на приходи за првите девет месеци од оваа година споредено со истиот период од 2020 година може да се забележи дека приходите се зголемени за 22%.

Приходите од услуги и канализација (к-то 7400 , 7401 и 7402)	2020 година	2021 година
-Приходи од услуги (конто 7400 и 7401)	25.447.116,00	41.583.493,00
-Приходи од надоместок за канализација	52.422.549,00	52.961.344,00
Вкупно	**77.869.665,00**	**94.544.837,00**

Приходите од извршени услуги кон правни лица и граѓани се зголемени за 63% во споредба со истите во 2020 година.

Приходите од надоместок на канализација се зголемени за 1 % споредено со истиот период минатата година.

Приходите од употреба на сопствени производи зголемени се за 46 % во споредба со истите во 2020 година.

Останатите приходи од работењето во најголем процент ги сочинуваат приходите од нотарски и судски такси кои пак се всушност повратна парите од утужените граѓани и правни лица за однапред платени такси при утужувањето и истите се намалени за 41% .

Приходите од камати се зголемени за 3% споредени со 2020 година.

Останатите финансиски приходи зголемени се за 25.385,00 денари во споредба со 2020 година.

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА РАСХОДИ

	Вид на расход	Остварени расходи 2020 (2)	Остварени расходи 2021 (3)	Индекс 3 : 2
400/401	Потрошени суровини и материјали	5,704,968.00	9,649,836.00	1.69
402	Потрошена енергија	1,610,040.00	2,690,920.00	1.67
408	Отпис на ситен инвентар	48,834.00	286,756.00	5.87
410/411	Поштенски, телефонски ГПЈ и интернет услуги	464,677.00	477,817.00	1.03
4136	Услуги за одржување на опремата	1,550,616.00	2,174,919.00	1.40
41390	Услуги за обезбедување на имотот	490,315.00	485,202.00	0.99
414	Закупнина	135,396.00	90,000.00	0.66
415	Комунални услуги	238,622.00	229,037.00	0.96
4198	Производни услуги	3,189,703.00	4,280,648.00	1.34
41989	Услуги за читање на водомери	837,000.00	927,000.00	1.11
41991	Услуги од агенции за вработување	4,129,561.00	3,186,720.00	0.77
421	Бруто плати	39,978,820.00	42,239,066.00	1.06
430	Амортизација	8,250,000.00	8,250,000.00	1.00
422	Останати трошоци на вработените регрес, отпремнина и помошти	3,576,127.00	3,339,944.00	0.93
440	Дневници за службен пат	141,504.00	115,129.00	0.81
4419	Надомести на трошоци на вработените и подароци	184,519.00	826,424.00	4.48
442	Трошоци за Управен и Надзорен О.	630,000.00	630,000.00	1.00
417/443 444	Реклами, репрезентација и спонзорство	716,149.00	1,401,458.00	1.96
445	Премии за осигурување	937,976.00	407,557.00	0.43

446	Банкарски услуги и платен промет	257,740.00	408,593.00	1.59
447	Даноци кои не зависат од резултат admin., судски и др. Давачки	49,932.00	417,284.00	8.36
449	Останати трошоци од работењето	1,614,621.00	986,808.00	0.61
4660	Отпис на побарувања	399,167.00	230,810.00	0.58
468	Надомести на штети од дејноста	119,104.00	114,895.00	0.96
46920	Дополнително утврдени расходи од минати години	857,042.00	656,786.00	0.77
474	Камати од рабоењето со неповрзани друштва	348,260.00	529,065.00	1.52
	ВКУПНО :	**76,460,693.00**	**85,032,674.00**	1.11

Вкупните трошоци споредени со трошоците во 2020 година покажуваат зголемување од 11% односно искажано во вредност зголемени се за 8.571.981, 00 денари.

- потрошените суровини и материјали зголемени се за 69% споредени со истите во 2020 година што е добар показател имено зголемувањето на овај вид трошок се јавува како резултат на зголемувањето на градежните активности.

- потрошената енергија зголемена е за 67% во споредба со истата 2020 година. Со најголем процент во овај трошок влегува потрошувачката на гориво и мазиво. Како и суровините така и потрошувачката на гориво и мазиво со зголемувањето на градежните активности истата се зголемува.

-за оваа година се направи измена во политиката за отпис на ситниот инвентар имено истиот се отпишува 100 % во годината наместо претходните 20% годишно што всушност и е пореално претставен трошок во годината, ако се земи предвид дека поголемиот дел од ситниот инвентар е со една година трајност. Заради таквата промена отписот на ситен инвентар се јавува како поголем трошок во 2021 година во споредба со 2020 година.

- трошоците за поштенски, телефонски, интернет и GPS услуги зголемени се за 3% во споредба со истите во 2020 година.

- услугите за тековно одржување на опремата, зголемени се за 40% во споредба со претходната година.

- трошоците за обезбедување на имотот покажуваат намалување за 1 %, истите не зависат од работењето на претпријатието, цената за услугата е добиена по пат на јавна набавка.

- трошоците за закупнина на деловен простор покажуваат намалување од 34% во споредба со минатата година. Минатата година во овај трошок покрај закупнината за Наплатниот центар вклучена беше и закупнината за стан во град Скопје која беше платена за еден од вработените кој учествуваше на евалуација во комисија за изградба на пречистителна станица за Битола.

- комуналните услуги намалени се за 4% во споредба со минатата година.

- производните услуги во 2021 година зголемени се за 34% споредено со минатата година. Оваа година со зголемувањето на обемот на работа се зголемува и трошокот за ваквите услуги имено станува збор за кориостење на услуги од подизведувачи се со цел да се оствари планираната програма од Општина Битола по која работи јавното претпријатие.

- трошоците за читање на водомерите од Водовод секоја година се исти (12 месеци по 109.000,00 денари). Оваа година се јавува и дополнителен износ од 10.000,00 денари месечно за состојбата на водомерите која ја добиваме од ЈП Стрежево.

- трошоците за услуги од агенции за вработување во 2021 година намалени се за 23% споредени со претходната година.

- трошоците за бруто плати во 2021 година се зголемени за 6% споредени со истите трошоци во 2020 година. Оваа година повторно имаше зголемување на вредноста на бодот за пресметка на плата за 7,7%. Во стремежот за успешно работење зголемувањето на платите на вработените е една од приоритетните цели на раководството на претпријатието.

- за амортизацијата нема конечна пресметка и истата за девет месеци изнесува околу 8.250.000,00 денари.

- другите надоместоци на вработените (регрес за годишен одмор, отпремнина за пензија, јубилејни награди, помош на вработените и нивните семејства во случај на смрт и др.) се исплаќаат според Закон за работни односи и колективен договор.

- дневниците и надоместокот за службени патувања се намалени за 19%.

- надомести на трошоци на вработените и подароци, кај овај трошок се јавува голема разлика споредено со минатата година бидејќи во 2020 година до деветти месец велигденски паушал не се исплати заради вонредната состојба, додека оваа година на вработените за празникот им се исплати по 5.000,00 денари.

- трошоците направени за исплата на членовите на Управен и Надзорен одбор се исти како и претходната година.

- трошоците за реклами, спонзорства и донации зголемени се за 96% во споредба со 2020 година. Во овај трошок влегуваат и средства што им се префрлуваат на синдикатот за тековното работење. Минатата година од 2 до 8 месец заради пандемијата воопшто не беа разгледувани барања за донации и спонзорства што допринесе за намалување на овај трошок во 2020 година.

- премиите за осигурување споредено со 2020 година се намалени за 57%.

- банкарските услуги-провизии во 2021 година зголемени се за 59% во споредба со минатата година.

- даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки, најголемиот процент од овај трошок го сочинуваат нотарските трошоци, административните и судски такси. Минатата година не се изготвуваа тужби како една од мерките за помош на населението во време на пандемија и заради тоа овај трошок покажува зголемување за 367.352,00 денари во споредба со 2020 година кога вакви трошоци воопшто немаше.

- останатите трошоци од работењето се намалени за 39% во споредба со 2020 година. Тука влегуваат адвокатски, нотарски, компјутерски и останати услуги. Нотарските услуги се прават при поднесувањето на тужбите за неплатени сметки на странките, но истите ги наплаќаме од странките со наплата на тужбите и се евидентирани како приходи од нотарски и судски такси. Исто и судските трошоци се наплаќаат од тужените странки за оние тужби кои ќе бидат наплатени. Како составен дел на овие трошоци се и компјутерските услуги кои се направени за одржување на компјутерскиот систем во КЈП Нискоградба.

- вредносното усогласување на побарувањата значи извршени отписи на ненаплатливи побарувања по судски решенија и приговори. Овој износ се однесува на побарувања кои се отпишуваат во текот на работењето , до деветти месец оваа година отпишани се 230.810,00 илјади денари што е за 42% помалку од 2020 година.

- надомести на штети од дејноста е трошок кој покажува намалување за 4% во споредба со 2020 година.

- дополнително утврдени трошоци од минати години е конто каде се книжат сторнираните сметки и фактури од минати години кои ги добиваме по извештај од ЈП Водовод и не зависат од работењето на претпријатието.

- трошоците за камати за кредити зголемени се за 52% споредени со истите од 2020 година. Овие трошоци се по основ на долгорочен кредит за основни средства и за лизинг на возила.

Вкупните расходи за првите девет месеци од 2021 година бележат зголемување од 11% споредено со истиот период од 2020 година, а додека вкупните приходите за истиот период зголемени се за 22% што резултира со позитивен финансиски резултат.

ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

Од 01.01.2020 до 30.09.2020 година			**Од 01.01.2021 до 30.09.2021 година**		
Вкупни приходи ----------		**80,323,301,00**	Вкупни приходи ---------		**97.891.650,00**
Вкупни расходи----------		**76.460.639,00**	Вкупни расходи ----------		**85.032.674,00**
Добивка	**+**	**3.862.608,00**	**Добивка**	**+**	**12.858.976,00**

За првите девет месеци од 2021 година КЈП Нискоградба покажува добивка од **12.858.976,00 денари**.

Преглед на побарувања за 2021 година

Побарувања	***Почетно салдо***	***Фактуирано во 2021***	***Наплатено во 2021***	***Салдо на 30.09.2021***	***Процент на наплата***
Од услуги од правни и физички лица	22.180.166	47.624.171	37.358.218	32.446.119	78%
Од надоместок за канализација од правни лица	25.007.123	16.201.269	15.009.323	26.199.069	93%
Од надоместок за канализација од домаќинства	26.543.026	39.105.594	34.641.465	31.007.155	89%
Вкупно:	**73.730.315**	**102.931.034**	**87.009.006**	**89.652.343**	**85%**
Побарувања од дадени гаранции по тендери	6.511.772	/	/	6.511.772	

За првите девет месеци од 2021 година КЈП Нискоградба Битола има фактурирано вкупно **102.931.034,00** денари вредност со вклучен ДДВ, а наплатени се вкупно **87.009.006,00** денари. Анализирајќи го процентот на наплата истиот кај наплатени услуги од правни и физички лица е 78 %. Процентот на наплата од надоместок за канализација од правни лица е 93%, додека кај побарувањата од надоместок за канализација од физички лица процентот на наплата е 89. Анализирајќи ги вкупно побарувањата процентот на наплата изнесува 85.

Ваквиот процент во овој период е тешко да се утврди заради тоа што сметките и фактурите за надомест од канализација се печатат за деветти месец до 5 ти Октомври и

истите се доставуваат до 25 Октомври. Во извештајот се зама вредноста на фактурираното за деветти месец, но наплатата за сметките од деветти месец не влегува во вредноста на наплатено од причина што истата ќе следува во месец Октомври. Истото се однесува и за побарувањата за услуги од правни лица, ситуациите се изготвуваат, но нивната наплата ќе следи во наредниот период.

Преглед на обврски за 2021 година

Обврски	*Почетно салдо*	*Примени фактури во 2021*	*Исплатено во 2021*	*Салдо на 30.09.2021*	*Преоцент на исплата*
Краткорочни обврски кон добавувачи	9.598.859	31.500.963	33.278.480	7.821.342	106
Долгорочни обврски за кредити над 5 години	6.926.779		3.758.722	3.168.057	/
Долгорочни обврски врз основа на лизинг	860.592	11.950.704	3.505.010	9.306.286	/

Краткорочните обврски кон добавувачите на КЈП Нискоградба на 30.09.2021 година изнесуваат 7.821.342,00 денари. Процентот на исплатени обврските изнесува 106%, што покажува дека се подмирени обврски и од минатата година. Долгорочните обврски за кредитите намалени се од 6.926.779 на 3.168.057 денари што значи дека за овие девет месеци од 2021 година исплатени се 3.372.697,00 денари. Како дел од обврските се и обврските врз основа на лизинг кои се зголемени од 860.592,00 денари на 9.306.286,00 денари. На лизинг набавени се основни средства и тоа : едно теренско возило, две товарни возила, трактор и мала градежна машина.

Заклучок

Во првите девет месеци од 2021 година КЈП Нискоградба Битола покажува **добивка од 12.858.976,00 денари.**

Раководниот тим на КЈП Нискоградба Битола се надева дека и понатаму ќе продолжи со успешно работење и позитивен финансиски резултат.

КЈП "НИСКОГРАДБА - БИТОЛА